***Годишен извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Берово во областа на културата во 2023 година***

# Општина Берово

Одделение за јавни дејности

Основна цел на Програмата, покрај дејноста на општинските културни установи е да се поттикнат и поддржат и други активности за негување на фолклорот, обичаите, вредностите својствени за традицијата на нашето поднебје, организирањето на културните манифестации и разновидни специфични творби на творештво преку:
-обезбедување богат, квалитетен и разновиден културен живот на ниво на општината
-чување и афирмирање на материјалното, духовното и културното наследство поттикнување и афирмирање на културните разноликости на припадниците на етничките заедници
-достапност на културните добра и вредности до граѓаните
-иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата
-континуитет на традиционалните културно-уметнички манифестации што се од интерес на општината;

**Реализирани активности заклучно со декември од Програма за активностите на Општина Берово во областа на културата за 2023 година, бр.09-4009/1 од 15.11.2022 година и Измена на програмата за активностите на Општина Берово во областа на културата за 2023 година, бр.09-2338/1 од 20.06.2023 година.**

| Настан | **Буџет на настанот** | **забелешка** |
|---|---|---|
| **Организација и поддршка на манифестации и други настани** | | |
| **Водици**  | 10.000,00 денари | *Подарок за лицето кое го фати крстот* |

| | | |
|---|---|---|
|  | / | *Во пресрет на 1-ви Април- Денот на шегата, на плоштадот „Димитар Беровски” во Берово, продефилираа најмалите, под маските на своите омилени јунаци.* |
|  | 12.000.оо денари | *Во Бизнис инкубатор во Берово, се одржа пригодна свеченост во чест на 8- ми Април, Денот на Ромите. Пред започнувањето на свечената церемонија, во општинската зграда, Градоначалникот заедно со претставници од ромската заедница, го поставија ромското знаме. На најдобрите ученици роми од основното и средното образование им се доделени парични награди.* |
|  | 8.000.оо денари | *По повод големиот христијански празник Велигден, на плоштадот „Димитар Беровски“ во Берово, во организација на Дом на културата „Димитар Беровски” од Берово, во соработка со Општина Берово, се одржа ВЕЛИГДЕНСКИ КОНЦЕРТ.*<br>*Во склоп на велигденската прослава се одржа и традиционалниот натпревар за Избор на најцврсто јајце – КАЧОР, при што се доделени 2 награди:*<br>*1 награда, во износ од 5.000,00 денари и*<br>*2 награда, во износ од 3.000,00 денари.* |

| | | |
|---|---|---|
|  | | *На 19 Мај беровскиот плоштад, блескаше од преубавите матуранти, кои на завршување со средношколското учење, пред прославата на матурската вечер, го одржаа традиционалното матурско дефиле и ја покажаа својата убавина и посебност, низ елеганција и грациозност.* |
|  | 131.065.oo денари | *По повод завршувањето на учебната 2022/2023 година, Општина Берово, во соработка со ООУ „Дедо Иљо Малешевски" ООУ „Никола Петров Русински" и ОСУ „Ацо Русковски", организира голема забава „Ајде да се дружиме", со Влатко Лозановски - ЛОЗАНО.* |
|  | | *Во чест на денот на општина Берово, 23 август, а на наше големо задоволство, заеднички го проследивме настапот на нашиот сограѓанин, професорот по народни инструменти, Тимко Чичаковскии, кој ја доловува магијата на канонот, еден од најстарите инструменти на Балканот, заедно со Јована Богдановска, како вокал.*<br><br>*Исто така можевме да го почувствуваме уникатниот стил на колорит и мешавина на бои, со различни мотиви, на третата самостојна изложба на уметнички фотографии, од Мартин Буровски.* |

<table>
<tr>
<td>


</td>
<td>1.737.075 денари од кои 430.000.оо денари се обезбедени од Министерство за Култура</td>
<td>ЕТНО ПЛОШТАД ФЕСТИВАЛ 2023 година, во периодот од 25 до 27 август, 2023 година.<br><br>Фестивалот започна на 25 август (петок), со свечено отварање, а на сцената во центарот во Берово настапија голем број препознатливи музички имиња, со кои беа задоволени различните музички вкусови.<br><br>Фестивалот го организира Општина Берово, а финансиски поддржан и од Министерството за култура.<br><br>Во рамките на ЕТНО Плоштад фестивалот, можеше да се посетат и тезгите со здрава храна, сувенири, ракотворби, еколошки производи, традиционални занаети и слично.</td>
</tr>
<tr>
<td>Останати настани, манифестации и ликовни изложби</td>
<td>5.000,00 денари</td>
<td>Средношколска новогодишна лотарија</td>
</tr>
<tr>
<td colspan="3">Поддршка на здруженија на граѓани од општината во реализација на програми од областа на културата од значење на Општина Берово</td>
</tr>
<tr>
<td></td>
<td>30.000.оо денари</td>
<td>Во с. Русиново, каде традиционално се слави големиот христијански празник ,,Света Троица” и оваа година, организациониот одбор, во соработка со Општина Берово и фирми од приватниот сектор, организираат културно уметничка програма, под наслов,,Трујчински русински средби".</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
|   | 60.000.оо денари | *Во с. Владимирово, каде традиционално се слави празникот „Илинден" и оваа година, организациониот одбор, во соработка со Општина Берово и фирми од приватниот сектор, организираат културно уметничка програма, под наслов„Лидимерци каде и да сте, за Илинден дома сте".* |
| **Други посебни активности поврзани со реализација на програмата** | | |
| **Изработка на промотивен материјал за промоција на Берово** | 53.726,00+20.036,00 =<br>73.762.оо<br>30.000 ОД МК | *За изработка на промотивен материјал се потрошени* ***73.762.оо денари*** *од кои* ***30.000.оо*** *денари се обезбедени од Министерството за култура* |
| **Опрема за специјални намени-трошоци за изнајмување на бина, озвучување и осветлување** | 365.812,00<br>250.000 ОД МК | *За опрема за специјални намени се потрошени* ***365.812.оо денари*** *од кои* ***250.000.оо денари*** *се обезбедени од Министерство за култура* |
| **Набавка на мобилни тоалети за разни настани** | 106.200.оо | |
| **Професионално обезбедување на културни настани и манифестации** | / | |

| | | |
|---|---|---|
| **Обезбедување на сместувачки услуги за учесниците на одделни манифестации** | 59.900,00<br><br>50.000 ОД МК | *За обезбедување на сместувачки услуги за учесници на одделни манифестации се потрошени* ***59.900.оо денари*** *од кои* ***50.000.оо*** *денари се обезбедени од Министерството за култура* |

*Изработил: Благица Лапевска*
*Контролирал: м-р Биљана Марковска*
*Одделение за јавни дејности*